Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Радица Величковска од Куманово УП2 09-19/24 од 17 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-981 од 6 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.
2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-981 од 6 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Радица Величковска од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-19/24 од 17 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-981 од 6 декември 2023 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) на КЕЦ Куманово, издадено поради непостоење на технички услови за промена од монофазен во трофазен приклучок.

Жалителот потенцира дека на 5 метри од објектот има трофазна струја, а објектот се наоѓа во центарот на Куманово.

Според Електродистрибуција - нема технички услови за промена од монофазно во трофазно броило бидејќи на локацијата не постои трофазна мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-19/24 од 17 јануари 2024 година:
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 8 март 2024 година со прилог:

-Имотен лист

-Слика од објектот

-Приговараното Решение

-GIS скица

-Барање за согласност за приклучок

-Извод од план
-Слика од броилото

и на истата се заклучи Електродистрибуција да достави нов извод од ДУП, нов Имотен лист не постар од 6 месеци, Решение за легализација или Одобрение за градење на објектот.

На 7 мај 2024 година Електродистрибуција достави одговор во кој не беа доставени бараните податоци.

Потоа, на седница одржана на 23 мај 2024 година се заклучи да се побара од двете страни да достават нов извод од ДУП, нов Имотен лист не постар од 6 месеци, Решение за легализација или Одобрение за градење на објектот, но повратен одговор не е добиен.

На 6 август 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–19/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**